**20231322462**

# МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Врз основа на член 206 став (1) алинеја 9 од Законот за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 42/14, 116/14, 33/15, 5/16, 127/16, 142/16, 190/16 и 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 108/19, 275/19, 110/21 и 89/22), министерот за внатрешни работи, донесе

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАЧИНОТ НА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ПОЛУГОДИШНОТО ИНТЕРВЈУ, ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ПИСМЕНОТО УКАЖУВАЊЕ ВО ПОСТАПКАТА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФЕКТОТ, КАКО И ФОРМАТА И СОДРЖИНАТА НА ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ПОЛУГОДИШНОТО ИНТЕРВЈУ ВО КОНТИНУИРАНО СЛЕДЕЊЕ НА ЕФЕКТОТ НА РАБОТНИЦИТЕ ВО МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Во Правилникот за начинот на спроведување на полугодишното интервју, формата и содржината на писменото укажување во постапката за подобрување на ефектот, како и формата и содржината на извештајот за полугодишното интервју во континуирано следење на ефектот на работниците во Министерството за внатрешни работи („Службен весник на Република Македонија“ бр.183/14), Прилозите бр.1 и бр.2 се заменуваат со нови Прилози бр.1 и бр.2, кои се дадени во прилог и се составен дел од овој правилник.

Член 2

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 13.1-71221/1
20 јуни 2023 година
Скопје

Министер
за внатрешни работи,
**Оливер Спасовски**, с.р.

Прилог бр. 1

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

_______________________________________________
(организациска единица)

Архивски број _______________

Датум _____________

ИЗВЕШТАЈ ЗА ПОЛУГОДИШНО ИНТЕРВЈУ

| | |
|---|---|
| **Податоци за учесниците во интервјуто**<br>(Овој дел од образецот го пополнува непосредно раководниот работник) | |
| Податоци за работникот со кој се спроведува интервјуто | |
| Име и презиме: | Работно место: |
| | |
| Податоци за непосредно раководниот работник кој го спроведува интервјуто | |
| Име и презиме: | Работно место: |
| | |
| **Проценка**<br>(Овој дел го пополнува непосредно раководниот работник, при што заокружува една од буквите пред понудените опции, по што дава образложение на причините кои довеле до формирање на проценката за работникот) | |
| а. над планираното и потребното ниво<br>б. високо ниво<br>в. средно ниво<br>г. ниско ниво<br>д. нема реализација<br><br>Образложение на проценката: | |

| |
|---|
| **Мерки за подобрување на ефектот**<br>(Овој дел го пополнува непосредно раководниот работник доколку проценката е „ниско ниво“ или „нема реализација“, при што заедно со работникот го ревидираат индивидуалниот план за стручно усовршување и се договараат за дополнителна поддршка (дополнителни обуки, менторство и др.). Кога проценката е „ниско ниво“ или „нема реализација“ непосредно раководниот работник изрекува и писмено укажување) |
| |
| **Забелешка од работникот:**<br>(Овој дел го пополнува работникот доколку има забелешки во однос на спроведеното полугодишно интервју и на проценката на непосредно раководниот работник) |
| |
| **Датум на спроведување на интервјуто**: |
| **Потпис на непосредно раководниот работник** ______________________      **Потпис на работникот** ________________________ |

М.П.

Прилог бр. 2

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
___________________________________________
(организациска единица)

Архивски број _____________

Датум ____________

П И С М Е Н О   У К А Ж У В А Њ Е

ЗА ПОДОБРУВАЊЕ НА ЕФЕКТОТ НА РАБОТНИКОТ

Врз основа на член 132 став (6) од Законот за внатрешни работи на _______________________________________ (име и презиме на работникот со кој се спроведува интервјуто), распореден на работно место ________________________________ (назив на работното место) му се изрекува ПИСМЕНО УКАЖУВАЊЕ заради констатиран ефект „ниско ниво“ или „нема реализација“ во извештајот за полугодишното интервју.

Доколку покрај досегашните укажувања, ова укажување и предложените мерки за подобрување на ефектот, до терминот за годишно оценување, не го подобрите својот ефект, може да бидете оценети со негативна оцена - „не задоволува“.

Датум на изрекување

__________________________

Потпис на непосредно
раководниот работник

__________________________

М.П.